РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИ
ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО - СКОПЈЕ
Бр. 0304-628
01 07 20 13 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет-Велес
Бр. 03-476/1
12.08 20 13 год.
Велес

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 01.07.2013 година, помеѓу:

1. Институт за сточарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје (во понатамошниот текст: Институтот) претставуван од Директорот проф. д-р Васил Костов и
2. Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола (во понатамошниот текст: Факултетот претставуван од Деканот доц. д-р Валентина Павлова.

Точка 1

Предмет на овој договор е остварување на заеднички интереси, утврдување и унапредување на развојот на високообразовната, наставно-научната и апликативната дејност, додипломските, магистерските и докторските студии, континуираното образование и студиите за надградување, продлабочување или проширување на одделни знаења, практична настава и изработка на дипломски трудови.

Точка 2

Во рамките на наставно-научната дејност, образовната и истражувачката дејност, со реализација на верифицирани интердисциплинарни, научно-истражувачки проекти од надлежни органи и институции, во земјата и странство.

Точка 3

Размена на наставници, научни работници и други стручни лица во реализирањето на наставно-образовните и едукативните процеси на додипломските, магистерските и докторските студии.

Точка 4

Соработка од посебен интерес во рамките на издавачката дејност при издавање учебници и учебни помагала, брошури, прирачници од заемен интерес, преводи, според финансиските можности на високообразовните и научните институции.

Точка 5

Соработката во областите предвидени во претходните точки, ќе се остваруваат и со посебни договори помеѓу соодветните насоки на Факултет и Институтот, врз основа на одредбите на овој Договор, во координација со деканот на Факултетот и директорот на Институтот.

Точка 6

Овој договор се склучува со неограничено времетраење.

Точка 7

Овој договор е составен од 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за Факултетот и Институтот.

Точка 8

Овој договор влегува во сила од денот на потпишувањето.

| | |
|---|---|
| ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ | ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО |
| ДЕКАН, | ДИРЕКТОР |
| Доц. Д-р Валентина Павлова | Проф. Д-р Васил Костов |